Green Schools; Clean environment; Healthier Life

# *АПЛИКАЦИЈА ЗА ПРОЕКТ*
## *Програма*
## *„ Зелени училишта, Почиста околина, Поздрав живот “ 2013-2015*

1.Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| Училиште | ООУ"Гоце Делчев" с.Јабланица |
| Адреса | с. Јабланица |
| Тел./факс. | / |
| Веб страна | gocedelcevjablanica@yahoo.com |
| Директор | Маја Марковска |
| Телефон на директорот | 071 328 567 |
| Лице за контакт(координатор) | Кристина Чавкоска |
| Е-пошта | k.chavkoska@hotmail.com |
| Телефон на координаторот | 070 776 733 |

***2.Дефинирање на проблемот со кој што се справува училиштето***

Опишете го преблемот кој сакате да го решите.

***Задолжително:*** Доколку станува збор за проект кој предвидува замена на светилки, поставување на компензатори за реактивна енергија, промена на славини, опрема за подобрување на водоводна мрежа, прозорци, поставување на соланри панели или било каков проект кој предвидува физичко подобрување на некоја состојба или проблем, **Ве молиме заедно во прилог со апликацијата доставете фотографии на кои ќе може да се види состојбата која сакате да ја промените или подобрите.**

Истовремено, доколку Вашиот проект предвидува заштеда односно намалување на потрошувачката на вода или електрична/топлинска енергија, Ве молиме наведете ја моменталната потрошувачка на енергија/вода изразена во kWh или m3(за вода или дрва) и наведете за колку очекувате дека ќе ја намлите со реализацијата на овој проект. Ве молиме бидете конкретни и искрени при проценката. Вашите очекувањаза намалување на потрошувачката ќе бидат земени во предвид, и врз основа на тоа ќе биде мерена успешноста на проектот. Моменталната потрошувачка изразете ја на годишно ниво, односно за цела една календарска година.

Во прилог со апликацијата **Ви испраќаме табела за пресметка на намалената потрошувачка на енергија и вода** (со потполнет пример за намалување на електричната енергија). Примерот кој Ви го испраќаме во прилог може да се користи и за пресметка на потрошувачката на вода.

При опишувањето и дефинирањето на проблемот кој сакате да го решите Ве молиме бидете конкретни и јасни (користете кратки и едноставни реченици кои ќе бидат пропратени со бројки)

| |
|---|
| Училиштето има потреба од преуредување на училишните ходници кои подолг временски период се наоѓаат во една иста состојба, односно потребно е бојадисување на ѕидовите и нивно исцртување со графити, како и уредување на просторот преку поставување на |

| |
|---|
| корпи, паноа, садници за цвеќиња. |

***3.Детален опис на проектот***

Наведете ја општата цел која сакате да ја постигнете со реализација на проектот.
Ве молиме наведете што сакате да постигнете со реализацијата на овој проект? Опишете што ќе се промени, подобри или ќе биде под влијание на проектот. Јасно утврдете ја **генералната целна проектот.**

| |
|---|
| Со цел обезбедување здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење и обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето,имаме за цел да се уредат холовите во училиштето според еколошки параметри, како и дел од училниците. Ќе се промени изгледот на внатрешниот простор во зградата. Ваквите услови влијаат и врз вољата на учениците за престој во училиштето, со оваа активност сметаме дека училиштето ќе стане една посакувана средина за дружење на учениците,која истовремено ќе биде здрава,чиста и интересна средина. |

***4. Наведете ги посебните цели на проектот***

Наведете кои се **конкретните цели** на проектот,и какво **мерливо влијание** (еколошко, социјално и/или економско) **ќе се постигне од секоја конкретна цел.** На кој начин ќе се разликуваат условите после реализацијата на проектот?)

| |
|---|
| -Ослободување од непотребните предмети во зградата (**Да се промени ликот на внатрешноста на училишната зграда).**<br>-Варосување на некои училници и бојадисување на ходниците кои имаат дотраени и оштетени зидови кои подолг период не се санирани,со цртежи со детска тематика или тематика од растителен и животински свет (да ја донесеме природата во училиштето.)**(Да се одржува здрава и чиста животна средина во која учениците со задоволство ќе доаѓаат на училиште)**<br>- Обезбедување садници со цвеќиња. **(Разубавување на просторот во кој учениците ќе се дружат)**<br>- Чистење на ходниците (по завршување на смената), канцеларии, училници ( санитарни јазли) со различни крпи и еколошки средства за одржување на хигиената. (здрава и чиста средина). **Да се зголеми свеста за одржување на здрав и уреден училишен простор.** |

***5. Приложете детален план на активности[1](ова веќе некој од вас го достави, очекуваме одговор и од останатите)***

**6.Следење и евалуација на проектот**

(Објаснете како ќе се реализира следењето и евалуацијата на проектот. Кој ќе биде одговрен за секоја активност посебно.)[2]

[1]Потполнете го АНЕКС 1 (план на активности)

**8.Придобивки од реализацијата на проектот**
(Објаснете и наведетекои се конкретните придобивки на подолг временски период кои ќе ги има Вашето училиштепо реализацијата на проектот.)

| |
|---|
| Со уредување на училишните ходници ќе се подобри целосната слика за изгледот на училиштето, учениците и вработените ќе добијат пријатно место за престој, а секој оној кој ќе влезе во училишната зграда ќе добие позитивна слика за здрави услови за работење и престој.<br>Користењето на квалитетни еколошки бои за бојадисување и нетоксични средства за чистење ќе има позитивно влијание не само врз здравјето, туку и врз понатамошното одржување на зградата.<br>Здрава, чиста, безбедна и сигурна средина за учење и престој, во која учениците ќе доаѓаат со задоволство,училиштето ќе го чувствуваат како свој дом. |

(Објаснете гиконкретнитепридобивки кои ќе ги има пошироката заедница со реализацијата по проектот и на кој начин овие придобивки ќе бидат споделени со неа.)

| |
|---|
| -Децата и идните поколенија ќе престојуваат во здрава и чиста средина<br>- Ќе се развие свеста и навика кај младите за одржувањена чиста средината на живеење и развивање навика на позитивно однесување кон целото опкружување<br>Посети од страна на родителите и жители на локалната заедница ќе се искористат за информирање на она што е постигнато и одржување на истото. |

**9. Одржливост на проектот**
(Објаснете ја одржливоста на проектот. Проектможедасесметазаодржливкогаможедагенерирасоодветнонивонакорист/придобивка вотекотнаподолгвременски периодпозавршувањетонаглавнатафинансискаподршка)

| |
|---|
| -Континуирано следење и отстранување на непотребни предмети со организирање на акции<br>-Ќе се продолжи со користење на еколошки средства за хигиена<br>-Почитување на упатства и правила за континуирано одржување на средината<br>-Редовно засадување и одржување на постојните садници со цвеќиња<br>-Контрола од страна на формираните еко -патроли |

**10.На кој начин ќе бидат вклучени учениците/децата во реализација на проектот?**
(Наведете ги и опишете ги конкретните едукативни активности )

---

[2]Наведете ги потребните информации во АНЕКС 2 (следење и евалуација)

-Изработка и истакнување на упатства и правила за редовно чистење и одржување на училишната зграда
-Учество во бојадисување на ѕидовите заедно со наставници по ликовно образование (изработка на графити/тематско бојадисување на ѕидовите)
- Формирање на еко –патроли кои ќе го следаат, надгледуваат и ќе го контролираат процесот на имплементација на овие активности.
-Селектирање на отпадоти отстранување на непотребни предмети во училиштето
-Засадување на цвеќиња и нивно поставување на соодветни места во ходниците
-Учество во натпревари (литературни и ликовни) и поставување на литературни и ликовни творби на одредени места во училишните ходници (паноа)

***11. Приложете детален буџет за реализација на проектот.*** [3]

Напомена: Предлог проектот откако ке биде одобрен училиштето, ке ги добие одобрените средства на 2 пати соодветно на сметка на буџетот на училиштето.

**Во прилог е и Финанскискиот извештај 3 кој треба да го пополните и покажете колку точно средства ви се потребни и за која намена сте ги вложиле во контекст на еколошкиот предлог проект.*

[3]Пополнете го Анекс 3 (Буџет)